Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 04-2323/ 4
19 -08- 2026 година

Врз основа на членовите 49 став (2) и 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24),член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „ Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, донесува:

# ОДЛУКА
## За избор на кандидат за административен службеник по пат на јавен оглас

1. На работно место **Помлад соработник за евиденција, Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло, Сектор за инспекциски надзор**, со шифра УПР0101В04000, се избира **Гоце Атовски.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложен

Во врска со јавниот оглас бр.456/2026 за вработување на административниот службеник во Агенцијата за храна и ветеринарство објавен во дневните весници „ Слободен Печат", „Нова Македонија" и „Коха" на ден 04.07.2026 година, ( еден извршител). Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана од Агенцијата за администрација со Решение бр.10-1670/4 од 08.07.2026 и Решпение за изменување и дополнување бр.10-1670/6 од 06.08.2026 година, ги спроведе сите фази на селекција согласно законот за Административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „ Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/23) и согласно член 44 од наведениот закон достави предлог кандидат за вработување до Агенцијата за храна и ветеринарство.

Врз основа на горе наведеното, а согласно со член 45 став 1 од Законот за административни службеници, се донесе одлука како во диспозитивот од Решението.

По конечното завршување на постапката за вработување на админоистративниот службеник во Агенцијата за храна и ветеринарство ќе се донесе посебно Решение за вработување на избраниот кандидат.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука кандидатот кој не е избран може да поднесе жалба до Комисијата на Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната на Агенција за храна и ветеринарство и на интернет страната и огласна табла на Агенција за администрација.

**Директор,**
**д-р Оливер Миланов**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за храна и ветеринарство
Agjencia e ushqimit dhe veterinarisë
Скопје-Shkup

ДОСТАВЕНО ДО:
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Именуваниот

qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0